**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-248/9**

**Скопје, 23.06.2006 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за труд и социјална политика Сметка за приходи од самофинасирачки активности – Заштита на децата за 2005 година, кои се прикажани на страните од 4 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија има вршено ревизија за 2002 година и има издадено извештај за финансиските извештаи на Министерството за труд и социјална политика - Сметка за приходи од самофинасирачки активности - Заштита на деца со издадено негативно мислење за резултатот од финансиските активноси и за законското и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Стевчо Јакимовски, министер, од 24.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 01.03.2006 до 26.05.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Танка Блажевска, Помошник ГДР и Овластен државен ревизор;
   - Љубица Тошевска, Самостоен ревизор;
   - Елена Грнарова, Ревизор;

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

10. **Незаконско и ненаменско користење на средства:**

10.1. Министерството за труд и социјална политика располага со 11 сезонски детски одморалишта во своја сопственост. Согласно Информацијата до Владата на Република Македонија за дивестирање на објектите од областа на заштитата на децатата од 2005 година, предложено е објектите кои не се во функција на извршување на основната дејност одмор и рекреација да се дадат на продажба, за која цел е донесена и Одлука за продажба на овие одморалишта. Со увидот во сметководствената документација ревизијата констатира дека од постоечката мрежа на сезонски детски одморалишта во сопственост на министерството работи само едно, Пониква Кочани. Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на приходите кои се остварени за одмор и рекреација од ова одморалиште во 2005 година во вкупен износ од 897 илјади денари од причини што средствата директно се уплатени на сметката на министерството без при тоа да е приложена веродостојна поткрепувачка документација за бројот на децата и смените, цената за престој по дете, и слично што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Во прилог на оваа констатација е и тоа што одделението за обезбедување на правото на згрижување, воспитание, одмор и рекреација на децата при министерството нема извршено контрола и надзор над работењето, ниту има издадено било каков Извештај за работењето на одморалиштата, иако согласно Актот за систематизација, овие активности му се предвидени во опис и попис на работни места. Ваквата состојба може да има за ефект злоупотреба и нерационално користење на средствата.

**Препораки и мерки:**

1. Надлежните одделенија во состав на министерството да восопостават целосен систем на внатрешна административна и сметководствена контрола на оние детски сезонски одмаралишта кои сеуште работат за бројот на лицата кои користат услуги, временски период на престојот, цена на услугата, бројот на корисниците.

11.Според наше мислење, освен за ефектите кои можат да произлезат од искажаното во точка 10.1., финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, финансиската состојба на Министерството за труд и социјална политика – Заштита на децата за сметка за приходи од самофинасирачки активности, под 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12.Според наше мислење, поради не воспоставениот контролен систем над работењето на одмаралиштата искажано во точка 10.1. во овој извештај, кај Министерството за труд и социјална политика - Сметка за приходи од самофинасирачки активности – Заштита на децата, ние не изразуваме мислење за законското и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

13.**Прифатени искорегирани неправилности од страна на МТСП во текот на ревизијата**

13.1. Во периодот на вршење на ревизијата заради реално и објективно искажување на Позицијата матерјални средства и извори на капитални средства ревизијата предложи корекција со која истите се зголемуваат во вкупен износ од 33,906 илјади денари за вредноста на извршената проценетата вредност на сезонското детско одмаралиште на Попова Шапка која при евидентирањето во финансиските извештаи не е спроведена. Корекцијата е спроведена во налог 1 од 2006 година.

14.Со ревизија на финансиските извештаи за 2005 кај Министерството за труд и социјална политика Сметка за приходи од самофинасирачки активности – Заштита на децата, ревизијата констатира дека превземени се мерки и отстранети се неправилностите констатирани во ревизорскиот извештај за 2002 година.

**Скопје, 23. 06. 2006 година**

**Овластен државен ревизор**

**Танка Блажевска**

_______________________

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 1.965 | 1.163 |
| Трансфери и донации | 4.105 | 5.015 |
| **Вкупно приходи** | **6.070** | **6.178** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 3.047 | 1.989 |
| Субвенции и трансфери | 695 | 84 |
| **Вкупно тековни расходи** | **3.742** | **2.073** |
| **Вкупно расходи** | **3.742** | **2.073** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **2.328** | **4.105** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31. ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 2.324 | 4.105 |
| Побарувања | 78 | 0 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 3 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 158 | 1.987 |
| **Вкупно тековни средства** | **2.563** | **6.092** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 478.123 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | **478.123** | **0** |
| **Вкупна актива** | **480.686** | **6.092** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 230 | 1.981 |
| Краткорочни финансиски обврски | 6 | 6 |
| Пасивни временски разграничувања | 2.327 | 4.105 |
| **Вкупно тековни обврски** | **2.563** | **6.092** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 478.123 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **478.123** | **0** |
| **Извори на други средства** | **0** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **480.686** | **6.092** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **-** |
| **Зголемување по основ на:** | **483.958** |
| Набавки | - |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - |
| По процена на сезонските детски одморалишта | 483.958 |
| **Намалување по основ на:** | **5.835** |
| Отпис на капитални средства | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - |
| Амортизација | 5.835 |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **478.123** |